705

P R E S - S E R V I S
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
Скопје
5. VI 1966

## Од активноста на Музејот на современата уметност

# СИСТЕМАТСКО ПРОУЧУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ ДЕЛА

**● Ќе биде изготвена и долгорочна програма за прикажување на југословенската ликовна уметност во Скопје и внатрешноста**

Во текот на минатата година Музејот на современата уметност во Скопје започна поопстојно да се занимава со проучување на современата македонска ликовна уметност.

Притоа се настојува да се собира, комплетира и проучува секаков вид документација за почетоците, разви токот и сегашната состојба на нашата уметност. Всушност Музејот воспоставува и еден вид институциска работа, која ќе им даде големи можности на сите оние што денеска, или еден ден, ќе се занимаваат со проучување на таа уметност.

Во рамките на оваа активност, се преземаат акции од поголеми размери за оформување на колку што се може поопсежни акции и поцелосни колекции на дела од основачите на современата македонска ликовна уметност: **Димитар Аврамовски-Пандилов, Лазар Личеноски, Никола Мартиноски** и други, како и оформување на картотека за истакнати ликовни уметници на Македонија, посебно водејќи сметка за научно-естетските интереси и согледувања.

Сфаќајќи ја интегралноста на македонската ликовна уметност во современата југословенска, во Музејот годинава ќе се почне со посистемно проучување на појавите и промените во оваа област и на југословенски план.

Се разбира, една вакква цел не може да биде остварена доколку не се дојде до потесна соработка со соодветни институции во другите југословенски ликовни центри.

**А. П.**